РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-7554/1
16.06. 2017 год.
СКОПЈЕ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# Конкурс за изменување на Конкурсот

## за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2017/2018 година во Република Македонија

Скопје, јуни 2017 година

Во Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2017/2018 година во Република Македонија се врши изменување, и тоа:

**Во делот III. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ**, во став 1 во алинејата 3 зборовите „додаток на свидетелство за IX одделение со резултати од екстерното проверување на постигањето на успехот на учениците" се бришат.

**Во делот V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР,** во став 1 во алинејата 5 зборовите „среден успех од резултатите од екстерното проверување на постигањето на успехот на ученикот за IX одделение" се бришат.

Ставот 8 „За средниот успех од резултатите од екстерното проверување на постигањето на успехот за IX одделение, ученикот може да добие најмногу 5 поени (оценките по наставните предмети од додаток на свидетелство за IX одделение од екстерното проверување на постигањето на успехот на ученикот се собираат и се делат со 2)" се брише.

Ставот 9 кој станува 8 се менува и гласи:

„Ученикот по сите критериуми утврдени со овој конкурс може да добие најмногу 77 поени."

**Министер за образование и наука,**
**Рената Дескоска**